# На светиот отец наш Симеон, молитва таинствена со која Го призива Духот Свети оној кој веќе го има видено

Игор Радев
Од препевот на *Химни*, од Свети Симеон Нов Богослов, Ресен-Преспа 2003.

Дојди Светлино Вистинска, дојди Животу Вечен, дојди Тајно Сокриена, дојди Ризницо Неименлива, дојди Нешто ли Неизустиво, дојди Лице Необмислено, дојди Радование Непрестано, дојди Светлино Невечерна, дојди на сите што пожелуваат да се спасат Очекување Вистинито, дојди на заспаните Будење, дојди на мртвите Воскресение, дојди Силни, Кој секогаш се создаваш, пресоздаваш и менуваш сал со Своето посакување! Дојди Невидливи, сосем Недопирлив и Недофатлив, дојди Ти, Кој пребиваjќи вечно Неподвижен, секој миг Сиот Се движиш и доаѓаш при нас, што лежиме во адот, о Превишни над сите небеса, дојди Име Прекопнежно и Превозгласено, иако не ни? е дадено да изглаголиме што си или да спознаеме Каков си и со каква суштина! Дојди Радост вечна, дојди Порфиро на Великиот Бог и Цар наш, дојди Појасу Кристаловиден и со драги камења Опточен, дојди Обувко Непристапна, дојди Багреницо Царска и Сушта Десницо Самодржна! Дојди Ти, по Кого воскопнеа и копнее страднава ми душа, дојди Едини при едниот, оти гледаш дека сал сум еден! Дојди Ти, кој ме одвои од сѐ, та ме стори самотник на земјата, дојди Ти, Кој стана Копнеж во мене и стори да копнеам по Тебе, исцело Непристапниот. Дојди Дихание мое и Животу, дојди Утешение на скрушенава ми душа, дојди Радост, Славо и Бесконечно Угодие!

Ти благодарам Тебе, што Ти, Бог над сѐ, стана еден дух со мене неслиено, непреложно и неменливо, па Самиот за мене постана Се во се, Храно Неискажлива, сосем Неисцрпна, Која вечно се преизлева низ усните на мојата душа и пребликнува во кладенецот на срцево мое, Одеждо Молневита демоните што ги згромуваш, Очистување, Кое со нетлени и свети солзи ме измиваш, а коишто присуството Твое ги дарува на оние при кои доаѓаш. Ти благодарам што за мене стана Светлост Невечерна и Сонце Незалезно, Ти, Кој немаш каде да Се скриеш, исполнувајќи се со Својата слава. Впрочем, Ти од никого не Се ни криеш, туку ние сме тие што секогаш се криеме, не сакајќи при Тебе да дојдеме. Та кај би Се сокрил, кога никаде нема место за Твоја починка. А и зошто Ти е тоа, кога Ти никогаш не Се одвраќаш од некого, ниту од некого се гнасиш?! Сега, пак, всели Се во мене, Владико, и вдоми Се, та пребивај, Благи, сѐ до крајот неразделно и неразлачно во мене, слугата Твој, за и јас да се најдам во Тебе, Боже над сѐ! Остани, Владико, и не оставај ме сам, за кога ќе дојдат вразите мои, коишто секогаш жеднеат душата да ми ја проголтаат, па Те најдат како пребиваш во мене, целосно да се разбегаат, не можејќи да ме надвијат, гледајќи Те Тебе, Најкрепкиот од сите, внатре како престојуваш во домот на смиренава ми душа. Да, Владико, како што Си спомна за мене, кога се наоѓав во светот и бев во незнаење, кога самиот ме избра и од светот ме одвои, та ме постави пред лицето на славата Твоја, така и сега запази ме истраен и непоместлив преку Твоето пребивање во мене, за непрестано зерцајќи Те Тебе, јас

мртвиот да живеам, и имајќи Те Тебе, јас скудниот вечно да се збогатувам, па од сите царој побогат да бидам, а јадејќи Те и пиејќи Те, секој миг да се облекувам во Тебе, насладувајќи се сега и во иднина со неизглаголивите блага, зашто Ти си секое Благо, секоја Слава и секое Угодие и Тебе Ти прилега славата на Светата, Единосуштна и Животворна Троица, Којашто во Отецот, Синот и Светиот Дух сите верни Ја чествуваат, Ја познаваат, Ѝ се поклонуваат и Ѝ служат сега, секогаш и во вечни векови. Амин.

III

Кој е монахот и која е неговата
Дејност, а и за тоа на каква висина на
Созерцанието самиот тој бил воздигнат.

Монах е тој што несмешан е со светот,
та везден со Едниот Бог беседи,
зерцајќи, зерцан и љубејќи, возљубен,
станува светлост, неискажно озарен.
Прославен дума кај поскоро беднее
и придомен ко странец се однесува.
О необично сосем и неизречно чудо!
Од безмерно ли благо скуден бидувам,
и немајќи ништо, чинам сум преимашен,
па велам: Жеднеам при претек од вода
и кој ќе ми го даде она во што сум богат,
кај да Го најдам Тој што везден Го гледам?
Како да здржам тоа што е во мене,
кое и вон светот воопшто не се гледа?
Кој има уши да чуе, нека чуе,
правилно разбирајќи зборој на неук!

XL, 1-33

Изјава на благодарност за даровите од Бога, и
како отецов кој ова го пишувал бил под дејствие на
Светиот Дух, а исто така и поука изречена
од Бога за тоа што треба да се прави за да се добие
спасението на оние што се спасуваат.

Повторно светлина ми свети, пак јасно се гледа,
повторно небеса отвара, пак ноќта ја сече,
повторно се создава, а и пак сама се гледа,
повторно прави да бидам надвор од видливото,
Но исто и ме одвојува, бре, од чувственото.
Повтур Оној, Кој Се наоѓа над сите небеса,
кого никогаш ниту еден човек не Го видел,
без небеса да разотвори, без ноќ да расече,

без воздух да раздвои, ниту кровот на куќата,
пребива Сиот неразделно со мене скрбниот
внатре во мојата келија, внатре во умот мој
и посреде срцето ми, о тајно ли трепетна!
Останувајќи се како што си е, ми приоѓа
мене Светлината и ме вознесува над се, та
иако среде сум јас, чини да бидам вон се.
Не знам дал' сум во тело, но додека цел онаму
навистина бивам, сал проста светлост има таму,
Па гледајќи ја, и јас станувам прост низ незлобност.
Ете ја несфатноста на Твојте чуда, Христе мој,
Ете ги на Твојата моќ и човекољубие
делата кои ги вршиш во нас недостојните.
Токму затоа стравот Твој ме држи и треперам,
непрестано се беспокојам и силно трошнеам
околу тоа што да ти возвратам и принесам
за толкуте дарови, за толкавата ли милост,
неброените дарој во мене што ги сочини.
Ништо свое не наоѓам во себе, во животот,
туку сѐ Тебе Ти служи, сѐ е дело на Твојте
раце, па се повеќе се срамам и бол болувам,
Сѐ појќе, Спасе, молам да знам што треба да правам
за да Ти послужам и да Ти благоугодам, за
Да се најдам неосуден, Спасителу, пред Твојто
Страотно ли судилиште во денот на правдата.

L, 164-206

Оти, ко што и мртви пикнати во вода
или во оган ништо не чувствуваат,
така, и мртвите низ неверието,
ништите од немар за заповедите
не знаат дека настрадале од едно
грозно чудо, од верба опрелестени
да сметаат дека се синови Божји,
а без да го знаат сопствениот Отец.
Ако велиш дека "низ вера" Го знаеш,
дека "низ вера" се сметаш за син Божји,
тогаш и воплотувањето на Бога
ќе е "на вера", не ќе речеш - на дело
човек Он стана и чувствено Се роди.
Ако вистина Он биднал Син Човечки,
и тебе на дело син Божји те прави.
Доколку пак, не на привид стана тело,
и ние, де, не мислено биваме дух,
но ко што вистински Словото стана плот,
така и нас нескажно не преобраќа

и навистина не прави чеда Божји.
Бивајќи Неизменет во Божеството,
Словото бидна човек низ прием на плот.
А запазувајќи ме човек, по плот и
душа несменет, целиот ме стори бог,
ја прифати Он мојта осудена плот,
па сиот и во Божество ме облече,
бидејќи крстен во Христа се облеков,
но не чувствено, ами, секако, умно.
Па како да не е бог тој кој с' благодат,
посинство, осет, знајност, созерцание
се има облечено во Синот Божји.
Доколку незнајно Бог-Словото станал
човек, тогаш и јас незнајно биднав бог,
ко што би требало да се претпостави.
Ако, пак, во познание, дејство и во
созерцание Бог Сиот стана човек,
тогаш православно треба да се мисли
дека цел сум бог низ општење со Бога
во чувство, знајност, по причест, не по суштност.
Исто ко што Бог непреложно Се стори
човек, та во тело Се јави на сите,
така нескажно ме раѓа духовно, и
останувајќи јас човек, ме прави бог.